**ВРХОВЕН СУД НА**
**Република Северна Македонија**
**Су-07.бр.282/22**
**27.12.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работното место судски советник - категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители заведен под Су-07.бр.279/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на

## О Д Л У К А
за избор за кариерно унапредување

За работното место, судски советник - категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители, се избираат кандидатите:

- Снежана Димитровска
- Јулија Коловска
- Александра Димовска Бошковска
- Јанка Тасевска

За избраните кандидати ќе се донесе решение за вработување.

## Образложение

Врховниот суд на Република Северна Македонија, објави интерен оглас бр.1/2022 за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање судски советник, категорија В ниво В1– 4 (четири) извршители, на ден 12.12.2022 година на веб страната на судот.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници за работното место Судски советник- категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители, согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ" бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници за работно место со звање судски советник - категорија В ниво В1, до Судскиот администратор на судот, достави Предлог на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање Судски советник, категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители Су-07.бр.279/22-2 од 26.12.2022. Со означениот предлог, за работното место судски советник - категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители, се предлагаат кандидатите Снежана Димитровска, Јулија Коловска, Александра Димовска Бошковска и Јанка Тасевска.

Согласно со член 43 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид означената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работно место со звање Судски советник, категорија В ниво В1 – 4 (четири) извршители заведен под Су-07.бр.279/22-2 од 26.12.2022 година, Судскиот администратор на судот одлучи како во изреката.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Судски администратор**

**Соња Груевска**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката за избор преку Врховниот суд на Република Северна Македонија до Советот на судска служба.

**ДН:**

- Судска управа
- Веб страна
- Кандидатите кои се избрани